Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 03-05-2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2346 | 1 | |

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјекти на надзорот:** сите 69 радиодифузери коишто емитуваат радиопрограма, и тоа:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | РА Антена 5 | 19 | РА Капитол | 37 | РА Галакси-2002 | 55 | РА Еко |
| 2 | РА Канал 77 | 20 | РА Фортуна | 38 | РА Кавадарци | 56 | РА Модеа |
| 3 | РА Рос Метрополис | 21 | РА Цез ФМ | 39 | РА Александар Македонски | 57 | РА Свети Николе |
| 4 | РА Слободна Македонија | 22 | РА Скај радио плус | 40 | РА Акорд | 58 | РА Дрини |
| 5 | РА Арачина | 23 | РА 106 | 41 | РА Медисон | 59 | РА Плеј |
| 6 | РА Буба Мара | 24 | РА Актуел | 42 | РА Ускана-Плус | 60 | РА Ррапи |
| 7 | РА Ват | 25 | РА Б-97 | 43 | РА Кочани ФМ | 61 | РА Експрес |
| 8 | РА Зона М-1 | 26 | РА Делфин | 44 | РА Аљбана | 62 | РА Хит |
| 9 | РА Урбан | 27 | РА Универзитетско УКЛО ФМ | 45 | РА Браво | 63 | РА Блета |
| 10 | РА Клуб ФМ | 28 | РА Валандово | 46 | РА Јехона ФМ | 64 | РА Кисс |
| 11 | РА Лајф ФМ | 29 | РА Голди | 47 | РА Бум | 65 | РА Плус Форте |
| 12 | РА Роса АБ | 30 | РА Мерак 5 ФМ | 48 | РА Пулс | 66 | РА Фама |
| 13 | РА РФМ | 31 | РА Ла Коста | 49 | РА Лав | 67 | РА Ред ФМ |
| 14 | РА Сити | 32 | РА Комета | 50 | РА МХ | 68 | РА Енџелс ФМ |
| 15 | РА Скај | 33 | РА ПРО-ФМ | 51 | РА Супер | 69 | РА Универзитетско УГД ФМ |
| 16 | РА Хепи | 34 | РА Балкан ФМ | 52 | РА 5 Чоки | | |
| 17 | РА Спортско 90,3 ФМ | 35 | РА Тајм | 53 | РА Мефф | | |
| 18 | РА Универзитетско СТУДЕНТ ФМ 92.9 | 36 | РА Зора | 54 | РА Холидеј | | |

3. **Датум на извршување на надзорот:** 2 мај 2017 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали некоја радиостаница извршила промена во сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата.

Во членот член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека *„пред спроведување на каква било промена на сопственичката структура, радиодифузерот е должен да ја извести Агенцијата"*, а во вториот став од овој член е утврдено дека радиодифузерот не смее да ја спроведе промената на сопственичката структура пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата.

Надзорот се спроведе на начин што беа споредувани податоците за сопственоста на радиостаниците со коишто располага Агенцијата и податоците за сопственоста од тековните состојби на радиостаниците (издадени од Централниот регистар на Република Македонија), коишто самите радиодифузери ги доставија во Агенцијата во рамки на исполнувањето на обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми.

5. **Констатации од надзорот:** Со надзорот беше констатирано дека нема прекршување на одредбите од член 41 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека ниту една од 69-те радиостаници коишто беа субјекти на надзорот не извршила промена во сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***